# ISSAI 3000

## Стандард за ревизија на успешност

Стандардите на INTOSAI се издаваат од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции, INTOSAI, како дел од Рамката на професионални објави на INTOSAI. За повеќе информации посетете ја www.issai.org

INTOSAI

INTOSAI

INTOSAI, 2019 година

1) Усвоен како Стандарди и упатства за ревизија на успешност врз основа на Стандардите за ревизија и практичното искуство на INTOSAI во 2001 година
2) Усвоен како Стандард за ревизија на успешност во 2016 година
3) Со воспоставувањето на Рамката на професионални објави на INTOSAI (IFPP) преименуван во стандард за ревизија на успешност, со уреднички измени во 2019 година

ISSAI 3000 е достапен на сите официјални јазици на INTOSAI: арапски, англиски, француски, германски и шпански

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД** **4**

**2. ОПФАТ НА ОВОЈ ISSAI** **6**

**3. ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ** **8**

**4. ОПШТИ БАРАЊА ЗА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ** **9**

Независност и етика 9

Целни корисници и одговорни страни 10

Предмет на ревизија 11

Доверливост и уверување во ревизијата на успешност 12

Цел(и) на ревизија 12

Ревизорски пристап 13

Ревизорски критериуми 14

Ревизорски ризик 15

Комуницирање 16

Вештини 17

Надзор 18

Професионално расудување и скептицизам 19

Контрола на квалитет 21

Ниво на материјалност 21

Документирање 22

**5. БАРАЊА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ** **23**

Планирање – избор на области 23

Планирање – дизајнирање на ревизијата 24

Спроведување 26

Известување 28

Follow-up 32

# 1

# ВОВЕД

1) Професионалните стандарди и упатства се од суштинско значење за кредибилитетот, квалитетот и професионалноста на ревизијата на јавниот сектор. *ISSAI 3000 Стандардот за ревизија на успешност*, развиен од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI) има за цел да промовира независна и ефективна ревизија и да ги поддржува членовите на INTOSAI во развојот на нивен сопствен професионален пристап во согласност со нивните мандати и со националните закони и регулативи.

2) *ISSAI 100 Основните принципи на ревизијата на јавниот сектор,* меѓу другото, ги дефинираат целта и надлежностите на ISSAI. *ISSAI 300 - Принципите за ревизија на успешност* ги надградуваат и понатаму ги развиваат основните принципи на ISSAI 100 за да одговараат на специфичниот контекст на ревизијата на успешност. ISSAI 3000 е меѓународен стандард за ревизија на успешност и треба да се чита и да биде разбран заедно со ISSAI 100 и ISSAI 300.

3) ISSAI 3000 е авторитативен стандард за ревизија на успешност и следствено, секое барање мора да се усогласи со истиот доколку ВРИ одлучи да го усвои. Обезбедува барања за професионална практика на ревизија на успешност, проследени со објаснувања, со цел да се подобри јасноста и читливоста на стандардот.

4) Барањата се изјави со изразот „мора“, претставени со болдирани букви. Тие содржат задолжителна содржина, неопходна да се произведе висококвалитетна ревизорска работа за оние врховни ревизорски институции (ВРИ) кои избираат во нивната работа да се повикуваат на ISSAI. Тие им кажуваат на ревизорите што се очекува од нив, а на засегнатите страни што можат да очекуваат од ревизорската работа. Објаснувањата опишуваат во повеќе детали што значи или што е предвидено да покрие едно барање.

5) Другите објави (GUID 3900-3999) обезбедуваат незадолжителни насоки. *GUID 3910 - Централни концепти за ревизија на успешност* дава насоки кои се однесуваат на ревизорските концепти, додека *GUID 3920 - Процес на ревизија на успешност* обезбедува насоки поврзани со ревизорскиот процес. Првиот документ содржи појаснувања за барањата, додека вториот содржи описи за тоа како да се применат тие барања

6) Во ревизијата на јавниот сектор, улогата на ревизор се исполнува од раководителот на ВРИ и од луѓе на кои им е доделена задачата за спроведување на ревизиите, кои го сочинуваат тимот за ревизија и оние кои се одговорни за надзор и управување. Целокупната одговорност за ревизијата на јавниот сектор останува како што е дефинирано со мандатот на ВРИ (ISSAI 100/25). ISSAI 3000 го користи терминот „ревизор" и дефинира што се бара од ревизорот за вршење на ревизии со висок квалитет. Онаму каде што се вклучени институционални прашања, се упатува и на ВРИ.

7) ISSAI 3000 е структуриран главно според истиот редослед како ISSAI 300 и се состои од четири главни делови:

   a) Првиот дел го утврдува опфатот на стандардот за ревизија на успешност и како упатувањето на него може да се направи од страна на ВРИ.

   b) Вториот дел ја дефинира ревизијата на успешност и нејзините цели, како и принципите кои се во основа на концептот на успешност.

   c) Третиот дел се состои од општите барања за ревизија на успешност. Овие барања се разгледуваат пред да започне и во текот на целиот процес на ревизија.

   d) Четвртиот дел содржи барања поврзани со главните фази на процесот на ревизија.

# 2

# ОПФАТ НА ОВОЈ ISSAI

8) Овој документ го обезбедува Меѓународниот стандард за ревизија на успешност. Според ISSAI 300/6-8, ВРИ кои сакаат да се повикаат на ISSAI во врска со ревизијата на успешност можат да го сторат тоа на два начина:

a) Опција 1: преку развивање на авторитативни стандарди кои се засноваат или се во согласност со принципите на ревизијата на успешност, или

b) Опција 2: со усвојување на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции за ревизија на успешност (ISSAI 3000-3899).

9) Според опцијата 1, INTOSAI признава дека ВРИ имаат контрастни мандати и работат под различни услови. Поради разновидни ситуации и структурни аранжмани на ВРИ, не сите ревизорски стандарди или упатства можат да се применат за сите аспекти на нивната работа. Стандардите развиени од ВРИ или од национален воспоставувач на стандарди можат да ги постигнат принципите на ISSAI 300 на различни начини, со оглед на дадениот национален мандат, уставното и друго правно опкружување и стратегијата на ВРИ.

10) Затоа, ISSAI 3000 не се наменети да се читаат како рецепт за тоа како треба да се формулираат стандардите на ВРИ. ВРИ ја имаат можноста за развивање на авторитативни стандарди кои се базираат или се во согласност со Принципите за ревизија на успешност. Доколку ВРИ избере да развие свои стандарди, тие стандарди треба да вклучуваат ниво на детали неопходно за исполнување на релевантните функции на ВРИ за ревизија и треба да кореспондираат со Принципите за ревизија на успешност во сите применливи и релевантни аспекти.

11) Според опцијата 2, кога се размислува за усвојување на ISSAI 3000, корисно е да се има предвид дека иако принципот може да се постигне во различни системи со различни средства, стандардот треба да биде дополнет со

соодветно ниво на детали кои ќе го водат ревизорот да ги следи добрите практики при спроведување на ревизија на успешност. Дополнителните упатства за ревизија на успешност (GUIDs 3900 - 3999) даваат насоки за ревизијата на успешност кои можат директно да се користат или како основи за развој на сопствени упатства.

12) Овој стандард во никој случај не ги поништува националните закони, регулативи или мандати, ниту ги спречува ВРИ да спроведуваат истраги, проверки или други ангажмани кои не се специфично покриени со ISSAI 3000.

13) ISSAI 3000 го обезбедува стандардот за оние ВРИ кои избираат да го усвојат како нивен авторитативен стандард за ревизија на успешност и директно да се повикуваат на него. Во такви случаи, ревизорот и ВРИ ќе го почитуваат секое барање на овој стандард, освен ако во околностите на ревизијата, барањето не е релевантно затоа што е условно и состојбата не постои. Доколку сите релевантни барања не се исполнети, упатувањето на овој стандард нема да се прави без обелоденување на тој факт и дополнителни објаснувања за последиците од истиот.

14) Кога ВРИ ќе избере да направи директно упатување на овој стандард, упатувањето треба да биде формулирано како што е предвидено во ISSAI 100/10-12 и ISSAI 300/8.

15) Ревизијата на успешност може да се справи со широк спектар на предмети и методи на истражување. Како резултат, нивото на деталност на барањата овозможува флексибилност и остава доволно простор за различни пристапи на ревизијата. Затоа, корисниците на ISSAI 3000 исто така се охрабруваат целосно да ги користат соодветните упатства за специфични предмети на ревизија. Ревизиите можат да се спроведат во согласност со ISSAI 3000 и стандардите од други извори, под услов да не се појават противречности. Во тие случаи, упатувањето треба да се направи и кон таквите стандарди и кон ISSAI 3000.

16) Елементите на ревизијата на успешност можат да бидат дел од пообемна ревизија што исто така ги опфаќа аспектите на ревизија на усогласеност и финансиска ревизија. Кога работи со преклопувања помеѓу видовите на ревизија (или комбинираните ревизии), ревизорот треба да ги почитува сите релевантни стандарди и да земе предвид дека онаму каде што има различни приоритети, примарната цел на ревизијата го води ревизорот кон тоа кои стандарди треба да се применуваат.

# 3 ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

17) Ревизијата на успешност спроведена од ВРИ претставува независно, објективно и веродостојно испитување дали владините претпријатија, системи, операции, програми, активности или организации работат во согласност со принципите на економичност, ефикасност и/или ефективност и дали има простор за подобрување.

18) Ревизијата на успешност има за цел да придонесе кон подобрени економичност, ефикасност и ефективноста во јавниот сектор. Исто така, има за цел да придонесе кон добро управување, отчетност и транспарентност. Ревизијата на успешност е во потрага за да обезбеди нови информации, анализи или согледувања и каде што е соодветно, препораки за подобрување.

19) Ревизијата на успешност често вклучува анализи на условите кои се неопходни за да се осигура дека принципите на економичноста, ефикасноста и ефективноста можат да бидат поддржани.

20) Дополнителни информации за дефинициите на економичноста, ефикасноста и ефективноста и начините на кои ревизијата на успешност обезбедува нови информации, може да се најдат во GUID 3910.

# 4

# ОПШТИ БАРАЊА ЗА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

## НЕЗАВИСНОСТ И ЕТИКА

Барање

**21)** **Ревизорот се придржува до постапките на ВРИ за независност и етика, кои пак се во согласност со поврзаните ISSAI за независност и етика.**

Објаснување

*22)* Независноста се состои од независност според суштина и независност според појава. Независноста според суштина му овозможува на ревизорот да извршува активности без да трпи влијание од влијанија што ја загрозуваат професионалната проценка; да дејствува со интегритет и да практикува објективност и професионален скептицизам. Независноста според појава е отсуство на околности кои би предизвикале разумна и информирана засегната страна, која има знаење за релевантни информации, да се сомнева во интегритетот, објективноста или професионалниот скептицизам на ревизорот или да заклучи дека тие биле компромитирани. Дополнителна содржина за независноста се наоѓа во *INTOSAI-P 10 –Декларација од Мексико за независност на ВРИ и GUID 9030 - Добри практики поврзани со независноста на ВРИ* и со етиката, во *ISSAI 130 – Кодекс на етика.*

Барање

**23)** **Ревизорот се грижи да остане независен, така што наодите и заклучоците од ревизијата се непристрасни и се видени како такви од корисниците за кои се наменети.**

Објаснување

24) Ревизорот мора да ги разгледа специфичните ризици во однос на независноста кои можат да бидат присутни во ревизијата на успешност. Ревизорот има посебна улога во идентификувањето на критериумите за ревизија, мерењето наспроти нив и формулирање на балансиран ревизорски извештај. Во врска со ова, ревизорот треба да остане независен, така што ревизорскиот извештај е непристрасен и етичкото однесување на ревизорскиот тим е заштитено. Исто така, важно е да се земат предвид позициите на релевантните засегнати страни и нивните интереси и да се воспостави отворена и добра комуникација со нив, но сепак од суштинско значење е да се сочува нечија независност.

# ЦЕЛНИ КОРИСНИЦИ И ОДГОВОРНИ СТРАНИ

Барање

**25) Ревизорот јасно ги идентификува целните корисници и одговорните страни на ревизијата и во текот на целата ревизија ги разгледува влијанијата на овие улоги со цел соодветно да ја спроведе ревизијата.**

Објаснување

26) Целни корисници се лицата за кои ревизорот го подготвува извештајот за ревизија на успешност. Законодавниот дом, извршната власт, владините агенции, трети лица засегнати од ревизорскиот извештај и јавноста може да бидат целни корисници.

27) Улогата на одговорна страна може да ја споделуваат низа на поединци или субјекти, секој со одговорност за различен аспект на предметот на ревизија. Одговорната страна може да ги вклучи оние кои се одговорни за предметот на ревизија во оперативна и/или надзорна улога, но исто така може да се однесува и на оние кои се одговорни за решавање на препораките и иницирање на потребните промени. Одговорна страна, исто така може да биде и целниот корисник, но вообичаено нема да биде и единствена одговорна страна.

28) Исто така, важно е да се земат предвид потребите и интересите на целните корисници и одговорни страни. Со ова ревизорот може да осигури дека ревизорскиот извештај е најмногу корисен и разбирлив за овие субјекти. Ова, сепак, во никој случај не треба да ги нарушува независноста и

објективниот став на ревизорот кој останува одговорен за добро балансиран ревизорски пристап што го следи јавниот интерес.

# ПРЕДМЕТ НА РЕВИЗИЈА

Барање

**29) Ревизорот го утврдува предметот на ревизијата на успешност.**

Објаснување

30) Предметот се однесува на прашањето „што се ревидира" и дефиниран е во опфатот на ревизијата. Предмет на ревизија на успешност може да бидат специфични програми, претпријатија, системи, субјекти или фондови и може да опфаќаат активности (со нивните резултати, исходи и влијанија) или постоечки ситуации, вклучувајќи ги причините и последиците. Опфатот на ревизијата е граница на ревизијата и директно е врзан со целите на ревизијата. Опфатот на ревизијата го дефинира предметот кој ревизорот ќе го процени и по кој ќе известува, документите или записите кои треба да се испитаат, периодот кој се разгледува и локациите кои ќе бидат вклучени.

31) Многу теми во ревизијата на успешност се политички чувствителни, затоа што тие можат да се однесуваат на извршувањето на јавните програми кои се приоритетни според владата. Ревизијата на успешност испитува дали одлуките на законодавниот дом или извршната власт се ефикасно и ефективно подготвени и применети и дали даночните обврзници или граѓаните имаат добиено вредност за пари. Во зависност од мандатот на ВРИ, ревизијата на успешност не ги доведува во прашање намерите и одлуките на законодавниот дом, но испитува дали некои недостатоци на законите и регулативите или нивното применување спречиле наведените ревизорски цели да се постигнат.

# ДОВЕРЛИВОСТ И УВЕРУВАЊЕ ВО РЕВИЗИЈАТА НА УСПЕШНОСТ

Барање

**32) Ревизорот на транспарентен начин објавува уверување за резултатот од ревизијата по предметот на ревизија, наспроти критериумите.**

Објаснување

33) Уверување значи дека корисниците можат да имаат доверба во наодите, заклучоците и препораките во извештајот. Ревизорот им обезбедува на корисниците уверување преку објаснување како наодите, критериумите и заклучоците се развиени на балансиран и разумен начин и зошто наодите резултираат со заклучоци.

34) Неопходно е ревизорот транспарентно да ги објави целите на ревизијата, опфатот, методологијата и собраните податоци, како и сите значајни ограничувања во извештајот, така што корисниците нема да бидат во заблуда.

# ЦЕЛ(И) НА РЕВИЗИЈА

Барање

**35) Ревизорот поставува јасно дефинирана(и) ревизорска цел(и) која е поврзана со принципите на ефективноста, ефикасноста и економичноста.**

**36) Ревизорот ја претставува ревизорската цел(и) достаточно детално со цел да биде јасна за прашањата кои ќе бидат одговорени и да овозможи логичен развој на дизајнот на ревизијата.**

**37) Доколку ревизорската цел(и) е формулирана како ревизорски прашања и разбиена на потпрашања, тогаш ревизорот обезбедува тие да се тематски поврзани, да се надополнуваат, да не се преклопуваат и да се колективно (заб.на прев. – групно) исцрпни при решавање на целокупното ревизорско прашање.**

Објаснување

38) Ревизорските цели може да се сметаат како ревизорски прашања во врска со предметот за кој ревизорот бара да добие одговори, врз основа на добиените ревизорски докази. Добро дефинирана ревизорска цел(и) се однесува на владини претпријатија, системи, операции, програми, активности или организации кои се поврзани со предметот. Формулирањето на ревизорски прашања е процес кој се повторува и во кој прашањата постојано се специфицираат и прочистуваат, земајќи ги предвид познатите релевантни информации за предметот, како и изводливоста.

39) Многу ревизорски цели може да бидат врамени како севкупно ревизорско прашање, кое може да биде разбиено на потпрашања кои се попрецизни. Наместо да се дефинира една ревизорска цел или севкупно ревизорско прашање, ревизорот може да избере да развие повеќе ревизорски цели кои не секогаш има потреба да бидат разбиени на прашања и потпрашања.

# РЕВИЗОРСКИ ПРИСТАП

Барање

**40) Ревизорот избира ревизорски пристап ориентиран кон резултати, ориентиран кон проблем или ориентиран кон системи или нивна комбинација.**

Објаснување

41) Пристапот во ревизијата ги определува природата на испитувањата кои треба да се направат и претставува важна врска помеѓу ревизорската цел(и), ревизорските критериуми и работата извршена за да се соберат докази.

42) Пристапот ориентиран кон системи, го испитува правилното функционирање на системите на управување. Честопати, основните принципи на добро управување ќе бидат од помош при испитување на условите за ефективност или ефикасност, дури и кога постои недостиг од јасен консензус за проблем или кога исходите или резултатите не се јасно изразени.

43) Пристапот ориентиран кон резултати, проценува дали исходот или резултатите од поставените цели биле постигнати како што се предвидени или програмите и услугите функционираат како што е предвидено. Најлесно може да се употреби кога постои јасна изјава за посакуваните исходи или резултати (на пр. за тоа се одлучува во закон или во стратегија од страна на одговорните страни).

44) Пристапот ориентиран кон проблем, ги испитува, верификува и анализира причините на секој посебен проблем или отстапувања од ревизорските критериуми. Може да се употреби кога постои јасен консензус за проблемот, дури и кога не постои јасна изјава за посакуваните исходи или резултати. Заклучоците и препораките првенствено се засновани повеќе на процес на анализирање и потврдување на причините, отколку споредување на ревизорските докази со ревизорските критериуми.

# РЕВИЗОРСКИ КРИТЕРИУМИ

Барање

**45)** **Ревизорот воспоставува соодветни ревизорски критериуми, кои соодветствуваат со ревизорската цел(и) и ревизорските прашања и се однесуваат на принципите на економичност, ефикасност и/или ефективност.**

Објаснување

46) Ревизорските критериуми се одредници кои се користат за да се оцени предметот. Кај ревизиите кои покриваат комплексни проблеми, не секогаш е возможно однапред да се поставaт ревизорски критериуми. Ревизорот може да пронајде подетални ревизорски критериуми за време на постапката на ревизија, на пример свесност за добрата практика помеѓу споредливи јавни претпријатија. Додека кај други видови на ревизија може да постојат недвосмислени ревизорски критериуми, тоа вообичаено не е случај во ревизијата на успешност. Ревизорските критериуми не секогаш се лесно достапни за ревизорот во ревизија на успешност; тие вообичаено се засноваат врз знаење на добрата практика за тоа како активностите се спроведени за да бидат најекономични и најефикасни (или кои услови се најпосакувани заради добри извршувања и ефективност). Од суштинско значење е да се имаат соодветни ревизорски критериуми за осигурување на квалитетот на ревизијата на успешност, особено кога кај многу случаи, прочистувањето и развивањето на овие ревизорски критериуми може да биде дел од додадената вредност од ревизијата на успешност.

47) Ревизорските критериуми можат да бидат квалитативни или квантитативни и можат да бидат општи или специфични, да се фокусираат на тоа што се очекува, во согласност со јасните принципи, академското познавање и добрата практика; или на тоа што може да биде (според дадените подобри услови) или на тоа како треба да биде според законите, регулативата или целите.

48) Ревизорските критериуми потребно е да обезбедат правилни и разумни основи за проценување наспроти ревизорските цели. Ревизорските критериуми треба да бидат релевантни, разбирливи, целосни, веродостојни и објективни во контекст на предметот, ревизорската цел(и) и/или ревизорските прашања.

Барање

**49)** **Ревизорот, како дел од планирањето и/или спроведувањето на ревизијата, ги дискутира ревизорските критериуми со субјектот кој е предмет на ревизија.**

Објаснување

50) Ревизорските критериуми треба да бидат дискутирани со субјектот кој е предмет на ревизија, но крајната одговорност е на ревизорот да избере соодветни ревизорски критериуми.

51) Дискутирањето за ревизорските критериуми со субјектот кој е предмет на ревизија служи за да осигури дека постои споделено и заедничко разбирање за тоа кои квантитативни и квалитативни ревизорски критериуми ќе бидат употребени како одредници кога се оценува предметот. Ова е особено значајно кога ревизорските критериуми не се дефинирани директно од законите или други авторитативни документи, или кога ревизорските критериуми треба да бидат развиени и прочистени во текот на целата ревизорска работа.

# РЕВИЗОРСКИ РИЗИК

Барање

**52)** **Ревизорот активно управува со ревизорскиот ризик за да избегне развивање на неточни или нецелосни ревизорски наоди, заклучоци и препораки, обезбедувајќи небалансирани информации или не успевајќи да додаде вредност.**

Објаснување

53) Активното управување со ревизорскиот ризик го вклучува следното: предвидување на можните или познати ризици од предвидената работа, развивање на ревизорски пристапи за решавање на тие ревизорски ризици за време на планирање на ревизијата и избор на методи и документирање како со овие ризици ќе се постапува.

54) Активното управување со ревизорскиот ризик вклучува разгледување дали ревизорскиот тим поседува достаточна и соодветна компетентност да ја спроведе ревизијата, има соодветен пристап до точни, веродостојни и

релевантни информации со добар квалитет, ги разгледува сите нови информации кои се достапни и ги разгледува алтернативните перспективи.

# КОМУНИЦИРАЊЕ

<u>Барање</u>

**55) Ревизорот планира и одржува ефективна и правилна комуникација за клучните аспекти на ревизијата со субјектот кој е предмет на ревизија и релевантните засегнати страни низ целиот ревизорски процес.**

<u>Објаснување</u>

56) Ефективното комуницирање е значајно, поради воспоставување на двострана комуникација со субјектот кој е предмет на ревизија и засегнатите страни, може да помогне да се подобри ревизорската проценка на информациите и податоците и може да помогне ревизорот да постигне подобар увид во перспективите на субјектот кој е предмет на ревизија и засегнатите страни.

57) Клучните аспекти на ревизијата за кои ревизорот треба да комуницира со субјектот кој е предмет на ревизија вклучуваат: предмет на ревизија, ревизорска цел(и), временски период за кој се врши ревизијата, јавните претпријатија, организации и/или програми кои ќе се вклучат во ревизијата.

58) Јасниот дијалог низ ревизорскиот процес со субјектот кој е предмет на ревизија е клучен во постигнување на подобрувања во управувањето и може да го зголеми влијанието на ревизијата. Во овој контекст, ревизорот може да одржува конструктивни релации со субјектот кој е предмет на ревизија преку споделување на ревизорските наоди, аргументи и перспективи како што се развиени и проценети во тек на ревизијата.

<u>Барање</u>

**59) Ревизорот се грижи да осигури комуникација со засегнатите страни која не ги загрозува независноста и непристрасноста на ВРИ.**

<u>Објаснување</u>

60) Значајно за ревизорот е да одржува добри професионални односи со сите засегнати страни вклучени во ревизијата, да промовира слободен и искрен проток на информации толку колку што дозволуваат барањата за доверливост и да спроведе дискусии во атмосфера на взаемно почитување

и разбирање на соодветните улоги и одговорности на секоја засегната страна. Секако овие комуникации не смеат да влијаат врз независноста и непристрасноста на ВРИ.

Барање

61) **ВРИ јасно комуницира за стандардите кои се следени за да се спроведе ревизијата на успешност.**

Објаснување

62) ВРИ треба да вклучи референца за стандардите кои се следат кога се спроведува секоја ревизија на успешност во односниот ревизорски извештај или може да избере општа форма на комуникација преку покривање на дефиниран опсег на ангажмани во изјава во годишниот извештај или на веб страницата на ВРИ. Кога стандардот кој се следи е заснован врз неколку извори земени заедно, исто така, за ова треба да се комуницира.

# ВЕШТИНИ

Барање

63) **ВРИ осигурува дека ревизорскиот тим колективно ја поседува неопходната професионална компетентност за да ја изврши ревизијата.**

Објаснување

64) Професионалната компетентност во ревизијата на успешност вклучува поседување на здраво познавање на ревизијата, дизајнот на истражувања, методи на општествени науки и техники на истраги и оценки. Таа исто така вклучува лични способности како што се аналитички капацитет, вештини за пишување и вештини за комуникација, креативност и приемчивост на гледишта и аргументи. Ревизијата на успешност исто така бара здраво познавање на владините организации, програми и функции поврзани со предметот на ревизија и може да бара експертиза од општествени, природни, компјутерски или други науки како и правна експертиза.

65) Доколку ревизорот одреди дека е потребна надворешна експертиза за надополнување на знаењето на ревизорскиот тим, тогаш ревизорот може да се консултира како што е соодветно, со поединци, внатре и надвор од ВРИ, кои ја поседуваат оваа специјализирана експертиза. Секој надворешен експерт кој е ангажиран во ревизијата исто така треба да биде независен од

ситуации и односи кои би можеле да ја оштетат објективноста на надворешните експерти. Иако ревизорот може да ја употреби работата на експертите како ревизорски доказ, ревизорот задржува целосна одговорност за ревизорската работа и заклучоците во ревизорскиот извештај.

# НАДЗОР

Барање

66) **ВРИ осигурува дека надзорот врз работата на ревизорите на секое ниво и во секоја фаза од ревизијата е правилно вршен за време на ревизорскиот процес.**

Објаснување

67) Надзорот врз ревизијата вклучува обезбедување на достаточно упатство и насока кон ревизорскиот тим назначен за ревизија. Ревизорот кој врши надзор врз ревизијата се очекува да поседува компетентност и знаење од ревизорската методологија; планирање и набљудување на работата; управување со проекти; стратешко размислување; предвидување и решавање на проблеми. Нивото на надзор обезбедено од ревизорот може да варира во зависност од професионалноста и искуството на ревизорскиот тим, како и од сложеноста на предметот на ревизија.

# ПРОФЕСИОНАЛНО РАСУДУВАЊЕ И СКЕПТИЦИЗАМ

Барање

68) **Ревизорот практикува професионално расудување и скептицизам и ги разгледува прашањата од различни перспективи, одржувајќи отворен и објективен став кон разни гледишта и аргументи.**

Објаснување

69) Ревизиите на успешност бараат значително професионално расудување и толкување, бидејќи по природа ревизорските докази за овој вид на ревизија се повеќе убедувачки отколку заклучувачки.

70) Професионалното расудување се однесува на примена на колективното

знаење, вештини и искуство во процесот на ревизија. Употребата на професионалното расудување му помага на ревизорот да го одреди нивото на разбирање потребно за предметот на ревизија. Тоа вклучува практикување на разумна грижа при спроведување на ревизијата и посветена примена на сите релевантни професионални стандарди и етички принципи.

71) Професионалниот скептицизам значи одржување на професионална дистанца од субјектот предмет на ревизија и став на внимателност и прашување кога се проценува достаточноста и правилноста на ревизорските докази добиени во тек на ревизијата.

72) Практикување на професионалното расудување и скептицизам му овозможува на ревизорот да биде приемчив кон разни гледишта и аргументи и да може подобро да ги разгледа различните перспективи, да ја одржува објективноста, и да го оценува целокупниот опсег на ревизорски докази. Исто така, помага да осигури дека ревизорот избегнува грешки од расудување или когнитивна пристрасност и влече објективни заклучоци засновани врз критичка проценка на сите собрани ревизорски докази.

Барање

**73) Ревизорот го проценува ризикот од измама кога ја планира ревизијата и внимава на можноста од измама во тек на процесот на ревизија.**

Објаснување

74) Ревизорот треба да ги препознае и процени ризиците од измама кои се релевантни за ревизорските цели. Доколку ризикот од измама е значителен, значајно е за време на ревизијата ревизорот да добие добро разбирање за релевантните системи на внатрешни контроли и да испита дали постојат знаци на неправилности кои можат да го попречат извршувањето. Ревизорот треба да направи истраги и да изврши постапки за да ги идентификува и одговори на ризиците од измама, релевантни за ревизорските цели.

Барање

**75) Ревизорот одржува висок стандард на професионално однесување.**

Објаснување

76) Професионално однесување значи дека ревизорот мора да 1) применува високи професионални стандарди при компетентно и непристрасно

вршење на работата, 2) не презема работа за која тој/таа не се компетентни да ја вршат, 3) ги знае и следи применливите закони, регулативи, конвенции, политики, постапки и практики, 4) поседува добро разбирање на уставните, правните и институционални принципи и стандарди со кои се управува субјектот предмет на ревизија, 5) не се ангажира во однесување кое може да го дискредитира ВРИ, 6) работи во согласност со етичките принципи и барања.

Барање

**77) Ревизорот е подготвен да иновира во текот на ревизорскиот процес.**

Објаснување

78) Со тоа што ревизорот ќе биде креативен, флексибилен и информиран, тој ќе биде во подобра позиција да ги препознае можностите да развие иновативни ревизорски пристапи за собирање, толкување и анализирање на информации. Особено важно е да се препознае дека различните фази на ревизорскиот процес обезбедуваат различни нивоа на иновативни можности. За време на фазата на планирање, ревизорот може да ја има најголемата можност да иновира додека сè уште е во процес на одредување на најдобрите ревизорски пристапи и техники кои се применливи за ревизијата.

# КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Барање

**79) ВРИ воспоставува и одржува систем за заштита на квалитет со кој ревизорот се усогласува за да осигури дека сите барања се исполнети и да ги нагласи соодветните, балансирани и објективни ревизорски извештаи кои додаваат вредност и одговараат на ревизорските прашања.**

Објаснување

80) При воспоставување на систем за контрола и осигурување на квалитет, ВРИ може да ја употреби содржината дадена во ISSAI 140, која нуди рамка за развивање на таков систем. Важно е да се развијат политики и постапки за контрола и осигурување на квалитет кои се соодветни, флексибилни и лесни за управување. Исто така, важно е да се развијат конзистентни политики и постапки со кои се запознаени сите вработени и кои може да се употребат за решавање на разликите во мислењата меѓу надзорните лица и

ревизорските тимови. Како дополнување, може да треба да се развијат други упатства и обуки на работно место за да се надополнат механизмите за контрола на квалитетот.

81) Мерките кои го заштитуваат квалитетот на процесот на ревизија и на ревизорскиот извештај ќе бидат ефективни доколку можат да осигурат дека ревизијата обезбедува балансирано и непристрасно гледиште, ги разгледува сите релевантни гледишта и задоволително ги решава ревизорските прашања.

82) Еден ефективен систем за контрола и осигурување на квалитет, исто така, ќе има механизми со кои ќе ги земе предвид перспективите на ревизорскиот тим, осигурувајќи дека ревизорските тимови се отворени за фидбек од системот за контрола и осигурување на квалитет.

# МАТЕРИЈАЛНОСТ

<u>Барање</u>

**83) Ревизорот го разгледува нивото на материјалност во сите фази на процесот на ревизија, вклучително и финансиските, општествените и политички аспекти на предметот, со цел испорачување на колку што е можно повеќе додадена вредност.**

<u>Објаснување</u>

84) Нивото на материјалност може да се дефинира како прашање од релативна важност (или значење) во рамки на контекстот во кој се разгледува. Како дополнување на паричната вредност, нивото на материјалност вклучува прашања од општествено и политичко значење, усогласеност, транспарентност, управување и отчетност. Особено важно за ревизорот е да има на ум дека нивото на материјалност може да варира со тек на време и може да зависи од перспективата на целните корисници и одговорните страни.

85) Нивото на материјалност претставува значајно разгледување за различни аспекти на ревизијата на успешност, како што се, дефинирање на целта, ревизорски критериуми, оценување на ревизорски докази, создавање на документација и управување со ризик од продуцирање на несоодветни, или ревизорски наоди со слабо влијание, или ревизорски извештаи.

# ДОКУМЕНТИРАЊЕ

Барање

86) **Ревизорот ја документира ревизијата на доволно целосен и детален начин.**

Објаснување

87) Соодветното документирање е особено значајно за да обезбеди јасно разбирање на спроведената ревизорска работа, за да му овозможи на искусен ревизор без претходно знаење на ревизијата да ги разбере природата, временската рамка, опфатот и резултатите од извршената ревизорска работа и обезбедените ревизорски докази во поддршка на ревизорските наоди, заклучоци и препораки, како и размислувањето зад сите значајни прашања кои бараат практикување на професионално расудување.

88) За ревизорот е особено важно навремено да ја подготви ревизорската документација; да ја ажурира во тек на целата ревизија; и документацијата да ја комплетира до највисоко можно ниво, пред да биде издаден ревизорскиот извештај.

# 5 БАРАЊА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

## ПЛАНИРАЊЕ – ИЗБОР НА ОБЛАСТИ

Барање

89) **Ревизорот избира ревизорски области преку процесот на стратешко планирање на ВРИ по пат на анализирање на потенцијалните области и спроведување на истражувања за да ги препознае ревизорските ризици и проблеми**

90) **Ревизорот избира ревизорски области кои се значајни и подложни за ревизија и конзистентни со мандатот на ВРИ.**

91) **Ревизорот го спроведува процесот на избирање на ревизорски области со цел максимизирање на очекуваното влијание од ревизијата, имајќи ги предвид ревизорските капацитети.**

Објаснување

92) Процесот на стратешко планирање во ВРИ, може да се разбере како прв чекор во изборот на области, бидејќи се состои од анализи на потенцијални области за ревизија и ги дефинира основите за ефикасно распоредување на ревизорските ресурси.

93) Во тек на процесот на стратешко планирање, техниките како што се анализи на ризик или проценки на проблем, може да помогнат процесот да се структурира, но потребно е да бидат дополнети со професионално расудување за да го одразат мандатот на ВРИ и да осигурат дека се избрани ревизорски области кои се значајни и подложни на ревизија.

94) Подложност на ревизија во процесот на планирање претставува значајно барање. Со ова барање се дефинира дали областа е погодна за вршење на ревизија. Ревизорот може ќе треба да размисли, на пример, дали постојат релевантни ревизорски пристапи, методологии и достапни ревизорски критериуми и дали информациите кои се бараат, веројатно ќе бидат достапни и можат да се добијат на ефикасен начин. Доколку ревизорот одреди дека веродостојните информации не се достапни, тогаш ова само по себе може да биде причина за избирање на оваа област за ревизија.

95) Бидејќи ВРИ може да има ограничени ревизорски капацитети во смисла на човечки ресурси и професионални вештини, процесот на избирање на ревизорски области мора да го земе предвид потенцијалното влијание на ревизорската област во обезбедувањето на значајни користи за јавните финансии и администрација, за субјектот кој е предмет на ревизија, или за општата јавност со расположливите ресурси. Други аспекти кои треба да се разгледаат при изборот на области се резултатите и препораките од претходни ревизии или испитувања како и условите во смисла на временска рамка.

## ПЛАНИРАЊЕ – ДИЗАЈНИРАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА

Барање

**96) Ревизорот ја планира ревизијата на начин на кој придонесува кон ревизија со висок квалитет, ревизија која се спроведува на економичен, ефикасен и ефективен начин, навремено и во согласност со принципите на добро проектно управување.**

Објаснување

97) За да оствари ревизија со висок квалитет во ограничена временска рамка, неопходно е ревизорот да ја разгледа ревизијата на успешност како проект во смисла во која се вклучуваат планирање, организирање, обезбедување, управување, водење и контрола врз ресурсите за да се постигнат специфичните цели. Управувањето на ревизија на успешност како проект бара развивање на методологии и стратегии за управување со проекти.

Барање

**98) Ревизорот стекнува детално и методолошко знаење за време на фазата на планирање.**

Објаснување

99) За да осигура дека ревизијата е правилно планирана, ревизорот треба да стекне достаточно знаење за програмата која е предмет на ревизија или за деловните активности на субјектот кој е предмет на ревизија, пред ревизијата да започне. Оттука, неопходно е пред почнување на ревизијата, да се спроведе истражувачка работа за градење на знаење, да се тестираат разни дизајни за ревизија и да се провери дали неопходните податоци се достапни. Оваа прелиминарна работа се нарекува прелиминарно истражување.

100) Особено важно е да се развие јасно разбирање за програмата која е предмет на ревизија или за деловните активности на субјектот кој е предмет на ревизија како и нивниот контекст и можните влијанија за да се олесни препознавањето на значајни ревизорски прашања и за да се исполнат доделените ревизорски одговорности. Ревизијата на успешност претставува процес на учење кој вклучува прилагодување на методологијата, како дел од самата ревизија.

Барање

**101) Во тек на планирањето, ревизорот развива ревизорски постапки кои се употребуваат за собирање на достаточни и соодветни ревизорски докази кои одговараат на ревизорската цел(и) и прашање(а).**

Објаснување

102) Ревизорскиот план се дизајнира за да осигури собирање на достаточни и соодветни ревизорски докази кои ќе му овозможат на ревизорот да ги развие ревизорските наоди, заклучоци и препораки, како одговор на ревизорската цел(и) и ревизорските прашања.

103) Исто така, пожелно е планирањето да дозволува флексибилност, така што ревизорот може да има корист од увидите кои ги добива за време на ревизијата. Практичните разгледувања како што е достапноста на податоци, можат да го ограничат изборот на методи, претходно разгледувани во согласност со добрите практики. Затоа е препорачливо во оваа насока да се биде флексибилен и прагматичен.

Барање

**104) Ревизорот поднесува ревизорски план до лицето за надзор на ревизијата и до раководството на ВРИ за одобрување.**

Објаснување

105) Високото и оперативно раководство на ВРИ како и ревизорскиот тим треба да бидат наполно свесни за севкупниот дизајн на ревизијата. Одлуките за дизајнот на ревизијата и последиците од истиот, во смисла на ресурси, често пати ќе го вклучи високото раководство на ВРИ, кое може да осигура дека тие вештини, ресурси и капацитети се воспоставени за да ги решат целите на ревизијата и ревизорските прашања.

# СПРОВЕДУВАЊЕ

Барање

**106) Ревизорот обезбедува достаточни и соодветни ревизорски докази со цел да ги воспостави ревизорските наоди, да постигне заклучоци како одговор на ревизорската цел(и) и ревизорските прашања и да издаде препораки кога тоа е релевантно и дозволено со мандатот на ВРИ.**

Објаснување

107) Ревизорските докази треба да бидат достаточни (во квантитет) и соодветни (во квалитет) за да ја убедат една личност која е добар познавач, дека ревизорските наоди се разумни.

108) Достаточноста е мерка за квантитет на ревизорски докази користени во поддршка на ревизорските наоди и заклучоци. Во оценување на достаточноста на ревизорските докази, ревизорот треба да одреди дали се добиени доволно ревизорски докази за да се убеди една личност која е добар познавач, дека ревизорските наоди се разумни. Соодветноста се однесува на квалитетот на ревизорските докази. Тоа значи дека ревизорските докази треба да се релевантни, валидни и веродостојни.

109) Релевантноста се однесува на обемот до кој ревизорските докази имаат логична поврзаност со и важност во однос на ревизорските цели и ревизорските прашања кои ги решаваат.

110) Валидноста се однесува на обемот до кој ревизорските докази се значајни или разумни основи за мерење на тоа што се оценува. Со други зборови, валидноста се однесува на обемот до кој ревизорските докази го претставуваат тоа за кое се наменети да го претставуваат. Веродостојноста се однесува на обемот до кој ревизорските докази се поддржани од потврдени податоци од низа извори или произведуваат исти ревизорски наоди кога постојано се тестираат.

111) Кај ревизијата на успешност, природата на потребните ревизорски докази е одредена од предметот на ревизија, целта(те) на ревизијата и од ревизорските прашања. Поради оваа варијација, природата на ревизорските докази треба да биде специфицирана за секоја посебна ревизија.

Барање

**112) Ревизорот ги анализира собраните информации и осигурува дека ревизорските наоди се во контекст, и дека одговараат на ревизорската цел(и) и ревизорските прашања; да ги преформулира ревизорската цел(и) и ревизорските прашања како што е потребно.**

Објаснување

113) Аналитичката постапка кај ревизијата на успешност вклучува постојано разгледување на ревизорските прашања од страна на ревизорот, собраните ревизорски докази, и вклучените методи. Целиот процес е тесно поврзан со нацрт ревизорскиот извештај, кој може да се гледа како суштински дел од аналитичката постапка која кулминира во одговори на ревизорските прашања.

114) Кога собраните информации се анализираат, препорачливо е да се фокусираме на ревизорското прашање и ревизорската цел(и). Ова ќе помогне да се организираат податоците и секако ќе обезбеди фокус врз анализите. Поради тоа што аналитичката постапка е повторлива, ревизорот може ќе треба да ја повтори ревизорската цел(и) согласно увидите добиени за време на ревизијата и да ја провери во согласност со неопходните внатрешни постапки.

115) Врз основа на ревизорските наоди, ревизорот ќе донесе заклучок. Формулирањето на заклучоци може исто така да бара значајна мерливост на професионалното расудување на ревизорот и толкување со цел да одговори на ревизорските прашања. Ова исто така ќе зависи од чувствителноста и материјалноста на ревизорскиот проблем кој се разгледува. Неопходно е да се разгледаат контекстот и сите релевантни аргументи, за и против, како и различните перспективи, пред да бидат донесени заклучоците. Потребата од прецизност неопходно е да биде измерена наспроти тоа што е разумно, економично и релевантно за намената. Се препорачува вклучување на високото раководство.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Барање

**116) Ревизорот обезбедува ревизорски извештаи кои се a) сеопфатни, b) убедувачки, c) навремени, d) читливи и e) балансирани.**

Објаснување

117) За да биде сеопфатен, ревизорскиот извештај неопходно е да ги вклучи сите информации и аргументи, потребни да ги решат ревизорската цел(и) и ревизорските прашања, истовремено да е достаточно детален за да обезбеди разбирање за предметот на ревизија и за ревизорските наоди и заклучоци. Врз основа на разноликоста на областите кои се можни во ревизијата на успешност, содржината и структурата на ревизорскиот извештај ќе варираат. Вообичаено поради причините за транспарентност и отчетност, минималната содржина на еден ревизорски извештај од ревизија на успешност ги вклучува:

a) Предмет на ревизија на успешност;

b) Ревизорска цел(и) и ревизорски прашања;

c) Ревизорски критериуми и нивни извори;

d) Методи специфични за ревизијата за собирање на податоци и применети анализи;

e) Временски период кој се покрива;

f) Извори на податоци;

g) Ограничувања на користените податоци;

h) Ревизорски наоди;

i) Заклучоци и препораки доколку има.

118) За да биде убедувачки, еден ревизорски извештај неопходно е да е логично структуриран и да одразува јасни односи помеѓу ревизорската цел(и) и/или ревизорските прашања, ревизорските наоди, заклучоци и препораки. Исто така, треба да ги претстави убедувачки ревизорските наоди, да упати на сите релевантни аргументи во дискусијата и да биде точен. Точноста бара, презентираните ревизорски докази и сите ревизорски наоди и заклучоци да се правилно скицирани. Точноста ги уверува читателите дека тоа за кое се известува е со кредибилитет и веродостојност.

119) Навременоста бара еден ревизорски извештај да биде издаден навремено, со цел да ги направи достапни за употреба информациите од страна на раководството, владата, законодавецот и другите заинтересирани страни.

120) За да биде читлив, ревизорот треба да употреби едноставен јазик во ревизорскиот извештај до степен до кој е тоа дозволено со предметот на ревизија. Други квалитети на читлив ревизорски извештај, вклучуваат употреба на јасен и недвосмислен јазик, илустрации и концизност кои ќе осигурат дека ревизорскиот извештај не е пообемен од потребното, кои ја подобруваат јасноста и помагаат подобро да се пренесе пораката.

121) Да биде балансиран значи дека ревизорскиот извештај треба да биде непристрасен според содржината и тонот. Сите ревизорски докази треба да бидат претставени на непристрасен начин. Ревизорот треба да биде свесен за ризикот од претерување и пренагласување на недоволните извршувања. Ревизорот треба да ги објасни причините и последиците од проблемите во ревизорскиот извештај бидејќи тоа ќе му овозможи на читателот подобро да го разбере значењето на проблемот. Ова за возврат ќе охрабри корективни дејствија и ќе води кон подобрувања од страна на субјектот кој е предмет на ревизија.

<u>Барање</u>

**122) Ревизорот ги утврдува ревизорските критериуми и нивните извори во ревизорскиот извештај.**

<u>Објаснување</u>

123) Ревизорските критериуми и нивните извори мора да бидат утврдени во ревизорскиот извештај, бидејќи довербата на целните корисници во ревизорските наоди и заклучоци во голема мера зависи од ревизорските критериуми. Кај ревизиите на успешност, може да биде употребена широка разноликост на извори за утврдување на ревизорски критериуми.

<u>Барање</u>

**124) Ревизорот осигурува јасни заклучоци дека ревизорските наоди се наспроти ревизорската цел(и) и/или ревизорските прашања или објаснува зошто тоа не е можно.**

<u>Објаснување</u>

125) Ревизорските наоди треба да бидат ставени во перспектива, а

конзистентноста треба да се осигури меѓу ревизорската цел(и), ревизорските прашања, ревизорските наоди и заклучоци. Заклучоците се изјави изведени од ревизорот од ревизорските наоди.

Барање

**126) Ревизорот донесува конструктивни препораки кои веројатно значително ќе придонесат во решавање на слабостите или проблемите идентификувани од ревизијата, секогаш кога тие се релевантни и дозволени со мандатот на ВРИ.**

Објаснување

127) Конструктивна препорака е таа која е добро заснована, додава вредност, практична е и поврзана со ревизорската цел(и), ревизорските наоди и заклучоци. Препораките треба да избегнуваат повторливи тврдења, да ги решат причините за проблемите и да не посегаат по одговорностите на раководството. Треба да биде јасно како препораката ќе придонесе кон подобро извршување. Препораките мораат да следат на логичен или аналитичен начин од претставените факти и аргументи.

128) Препораките треба да се однесуваат на субјектот кој е предмет на ревизија и кој има одговорност и компетентност за нивно воведување.

**Барање**

**129) Ревизорот дава можност на субјектот кој е предмет на ревизија да ги коментира ревизорските наоди, заклучоци и препораки, пред ВРИ да го издаде својот ревизорски извештај.**

**130) Ревизорот го бележи испитувањето на коментарите на субјектот кој е предмет на ревизија во ревизорски белешки, вклучително и причините за вршење на измени во ревизорскиот извештај или за одбивање на примените коментари.**

Објаснување

131) Коментарите дадени од субјектот кој е предмет на ревизија за ревизорските наоди, заклучоци и препораки, придонесуваат кон пишување на балансиран ревизорски извештај и му помагаат на ревизорот да ги реши сите несогласувања и да ги исправи сите настанати грешки, пред ревизорскиот извештај да се финализира. Ревизорскиот извештај треба да ги рефлектира гледиштата на ревизорот но, исто така, ја покажува перспективата на

субјектот кој е предмет на ревизија.

132) Испитувањето на добиениот фидбек, треба да биде забележано во работните белешки така што се документираат секоја измена на нацрт ревизорскиот извештај или причини за отсуство на измени. Ваквото документирање обезбедува транспарентност над тоа зошто секоја измена кон нацрт ревизорскиот извештај била или не била направена, како и причините на ревизорот за овие одлуки.

Барање

**133) ВРИ своите ревизорски извештаи ги прави широко достапни земајќи ги предвид регулативите за доверливи информации.**

Објаснување

134) Широкото дистрибуирање на ревизорските извештаи може да го промовира кредибилитетот на функцијата на ревизијата. Затоа, ревизорските извештаи треба да бидат дистрибуирани до субјектот кој е предмет на ревизија, до извршната власт и/или до законодавната власт и до други одговорни страни. Извештаите, исто така, треба да се директно достапни на други засегнати страни и на општата јавност, како и преку медиумите, освен за класифицираните информации.

135) Примарна публика за извештаите од ревизија на успешност се законодавецот, извршната власт, владините агенции и граѓаните. Добра ревизија на успешност му овозможува на законодавецот ефикасно да ги преиспита извршувањата на владата и агенциите и да влијае врз оние кои носат одлуки во владата и во јавните услуги за да направат измени кои водат кон подобри резултати од извршувањата. Секако, тука се и општата јавност и други заинтересирани страни, како што е приватниот сектор и медиумите, кои може да имаат интерес, но веројатно со различен фокус во резултатите од ревизијата на успешност.

# FOLLOW-UP

Барање

**136) Ревизорот ги следи, како што е соодветно, претходно дадените ревизорски наоди и препораки и ВРИ известува до законодавецот, доколку е можно, за заклучоците и влијанијата на сите релевантни корективни дејствија.**

Објаснување

137) Follow-up активноста се однесува на испитување на ревизорот на корективните дејствија преземени од субјектот кој е предмет на ревизија или од друга одговорна страна, врз основа на резултатите од ревизијата на успешност. Тоа претставува независна активност која ја зголемува вредноста на ревизорскиот процес преку зајакнување на влијанието од ревизијата и поставување на основи за подобрувања на идната ревизорска работа. Активноста исто така го охрабрува субјектот кој е предмет на ревизија и другите целни корисници на ревизорски извештаи да ги сфатат сериозно ревизорскиот извештај и ревизорските наоди и да му обезбедат на ревизорот корисни лекции и индикатори за извршување. Follow-up активноста е значајна за интерно учење и развој на субјектот кој е предмет на ревизија, како и за самата ВРИ.

138) ВРИ треба да извести за резултатите од нејзините follow-up активности соодветно, со цел да обезбеди фидбек до законодавецот, извршната власт, засегнатите страни и јавноста. Веродостојни информации за статусот на воведување на препораките, влијанието на ревизиите и преземените релевантни корективни дејствија, може да помогнат да се демонстрираат вредноста и користите на ВРИ.

Барање

**139) Ревизорот се фокусира на follow-up активност за тоа дали субјектот кој е предмет на ревизија соодветно ги решил проблемите и ја отстранил посочената состојба после разумен период.**

Објаснување

140) Follow-up активноста не е ограничена на применување на препораките, туку се фокусира на тоа дали субјектот кој е предмет на ревизија, соодветно ги решил проблемите и ја отстранил нагласената ситуација после разумен период.

141) Ревизорот треба да одлучи кои (ако не и сите) препораки се подложни на Follow-up и како ќе биде спроведен Follow-up активноста (со средства на нова ревизија или како поедноставена постапка).

| | | |
|---|---|---|
| I, the undersigned sworn court translator for the English language herein confirm, that the document submitted to me has been truly and properly translated into Macedonian language and in witness thereof I have hereto set my signature and affixed official seal.<br>Skopje, 16.03.2021 | | Со мојот потпис и печат потврдувам дека правилно го извршив преводот од англиски јазик на македонски јазик.<br><br>Скопје, 16.03.2021 |
| Authorized juridical translator from/into English language | | Овластен судски преведувач од македонски јазик на англиски јазик и обратно |
| Tanya Tasevska | | Тања Тасевска |

| | | |
|---|---|---|
| I hereby certify with my seal and signature that the translation is complete, accurate and true to the original. | | Со мојот печат и потпис потврдувам дека преводот е целосен, точен и верен на оригиналот. |
| Certified Court Translator/Interpreter | | Овластен судски преведувач/толкувач |
| Katerina Terzioska | | Катерина Терзиоска |